Драги колеги

Ви го честитам 16-ти декември, Денот на Природно-математичкиот факултет! Нека е среќен „роденденот" на факултетот! Посакувам уште многу години факултетот да работи и да се развива, а вам Ви посакувам на сите да сте здрави и живи.

Од разбирливи причини не можеме свечено да го одбележиме денот. Деканатската управа одлучи, во замена, да подготвиме *видео-порака* со неколку мои поздравни зборови.

Најпрво, честитки до студентите кои денес требаше да ги промовираме (154 дипломирани студенти и 25 магистри). Нивните дипломи се во подготовка, и наскоро ќе следи посебно соопштение во врска со нивното подигање.

Честитки за надобро дипломираниот студент на Природно-математичкиот факултет во Скопје во учебната 2019/2020 година:

Елена Виктор Стефова,

која студиите ги завршила со просек 9.9 за 3 години, 11 месеци и 21 ден на студиска програма Применета хемија.

Честитки до најдобрите студенти по институти:

– Ана Лазар Строимановска (студ. прог.: молекуларна биологија / просек 9.72),
– Моника Сашо Милковска (студ. прог.: туризам / просек 9.58),
– Боркица Венко Марковска (студ. прог.: етнологија и антропологија / просек 9.36),
– Маја Тони Танчевска (студ. прог.: теориска математика / просек 9.54),
– Љубчо Марио Јованов (студ. прог.: форензичка физика / просек 9.15)
– Елена Виктор Стефова (студ. прог.: применета хемија / просек 9.9).

Честитки и до колегите кои слават дваесет години континуирана работа на факултетот: Проф. Д-р Наталија Атанасова-Панчевска од Институтот за биологија и Кети Костадиновска, Раководител на Одделението за студентски прашања.

Честитки до драгите колеги кои стигнаа до пензија: Проф. Д-р Зоран Здравковски од Институтот за хемија, Олга Русимовиќ (лаборант) од Институтот за биологија, Александар Мицковски (самостоен референт техничар) и Донка Патрова (хигиеничар). На сите од сè срце им се заблагодарувам за нивниот придонес!

Срдечен поздрав.

Со почит

Валентин Мирчески

в.д. декан на ПМФ